**Дали ми е потребен адвокат?**
Не. Можете да го поднесете барањето за помош сами или да земете адвокат што ќе ве застапува. Правниот институт (Law Institute) може да ви даде список на имињата на адвокатите во вашето локално подрачје. Нивниот телефонски број за контакт е 9607-9311. Ако вашето барање биде позитивно решено, ќе ви бидат платени трошоците за адвокатот.

**Дали треба да присуствувам на судско сослушување?**
За барањата може да се одлучи преку судско сослушување или, ако така одберте, во ваше отсуство. Меѓутоа, не се сите барања погодни за решавање во ваше отсуство. Во некои околности, може да биде потребно сослушување. Ако е потребно, на сослушувањето, на ваше барање, може да присуствува преведувач.

**Што ако не сум задоволен/ задоволна со конечната одлука на Трибуналот?**
Имате право да поднесете барање до Викторискиот граѓански и административен трибунал (Victorian Civil and Administrative Tribunal - VCAT) да го разгледа одново барањето.
Тоа барање мора да се поднесе во рок од 28 дена откако сте добиле известување за одлуката на Трибуналот. Се плаќа такса за да се поднесе барање до Викторискиот граѓански и административен трибунал.
За натамошни информации, ве молиме стапете во контакт со Одделот за општи работи (General List) при Викторискиот граѓански и административен трибунал на 9628 9755.

**За натамошни информации и помош ве молиме стапете во контакт со вашиот локален Суд.**

**Место на интернет:**
**www.vocat.vic.gov.au**

**Трибунал за помош на жртвите на злосторство**

# Трибунал за помош на жртвите на злосторство

## Подносители на барања што се првостепени жртви

Macedonian
Primary Victim Applicants

**Што е тоа првостепена жртва?**
Лице што е повредено и/или искусува или трпи било какви значителни неповолни последици, или што умрело како директна последица од:

- Чин на насилство извршен против него/неа
- Обид да уапси некого за кого разумно основано верувал/верувала дека извршил чин на насилство
- Обид да спречи извршување на чин на насилство
- Обид да му помогне или да спаси некого за кого верува дека е жртва на чин на насилство.

**Како да поднесам барање?**
Мора да пополните формулар за поднесување барање што може да го добиете од вашиот локален суд или од местото на интернет (www.vocat.vic.gov.au). Ако подносителот на барањето е дете, барањето може да го поднесе роднина или друга погодна личност од име на детето. Секој надомест што ќе се исплати ќе се чува во доверителски фонд, обично додека детето да наполни 18 години.

**Колкав е рокот за поднесување на барање до Трибуналот?**
Барањето мора да се поднесе во рок од 2 години од датумот кога се случил чинот на насилство. Ако барањето се поднесе по истекувањето на рокот, мора да се пополни и барање за продолжување на рокот во кое ќе се наведат причините за доцнењето.

**Каде да земам формулар за поднесување на барање за продолжување на рокот?**
Трибуналот автоматски ќе ви испрати формулар за поднесување на барање за продолжување на рокот кога ќе биде заведено вашето барање за помош.

**Може ли да поднесам барање повеќе од еднаш?**
Не, имате право да поднесете барање/да добиете помош само за еден чин на насилство и тоа само во едно својство.

**Каква помош имам право да добијам?**

- Специјална финансиска помош (Special Financial Assistance) до износ од $7.500 (не може да ја добијат сите лица што поднесуваат барања).

До $60.000 помош исто така може да се добие за комбинација од следните работи:

- Трошоци за советување
- Медицински трошоци
- Губење на заработка до износ од $20.000 за период не подолг од 2 години од датумот кога се случил чинот на насилство.
- Уништување/оштетување на облеката што сте ја носеле во тоа време
- Трошоци за помош при закрепнувањето

**Кој може да поднесе барање за специјална финансиска помош?**

- Жртвите на криминални дела што се случиле на или по 1 јули 2000 г.
- Жртвите на сексуално злоупотребување на деца што се случило на или по 1 јули 1997 г.
- Жртвите на сексуално злоупотребување на деца што се случило пред 1 јули 2000 г. ако претходно не било поднесено никакво барање до Трибуналот, под услов наводниот извршител на делото по 1 јули 1997 г. да бил изведен пред суд; или да бил осуден и пресудата да ја изрекол Основен суд (Magistrates' Court); или ако бил изведен пред суд и умрел пред да биде изречена пресудата.

**Кој ќе го определи износот на специјалната финансиска помош?**
Членот на Трибуналот што го сослушува предметот ќе определи која категорија и кој износ на помош ќе се доделат. Соодветните кривични дела се поделени во четири категории во зависност од чинот на насилство. За секоја категорија постои пропишан најнизок износ на надомест и пропишан највисок износ на надомест.